РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 18. 05. 2012 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1864/1 | | |

0706
ТРОВНО
18.05. 12

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на општествените науки** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

**V ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# 1. ВОВЕД

Според Наставниот план за деветгодишното основно воспитание и образование за учениците со аутизам предметот основи на општествените науки е застапен во V одделение. Наставната програма по основи на општествените науки опфаќа цели и содржини од повеќе подрачја. Исто така, наставната програма се надградува на содржините и активностите на учениците во I, II , III и IV одделение од предметот запознавање на околината и основи на општествените науки.

Со изучувањето на наставниот предмет основи на општествените науки се создава основа за наставата по основи на општествените науки и основи на природните науки коишто учениците ќе ги изучуваат и во погорните одделенија на основното училиште.

Предметот основи на пштествените науки во V одделение е задолжителен со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да усвојува знаење за општествената и природната околина;
- да се поттикнува да ги развива способностите за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да се поттикнува да ги осознава и да ги објаснува појавите коишто се поврзани со проблеми во општествената, културната и природната средина;
- да сознава дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува на самостојност и на развивање на самодоверба и одговорност;
- да се поттикнува да соработува со другите и да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за:
  - ❖ комуницирање (читање, пишување, изнесување свое мислење, истражување, избирање, вреднување, толкување на информациите, споредување на мислења, слушање и сл.);
  - ❖ истражување (планирање, набљудување, класифицирање, уредување, споредување, користење на извори и сл.);
  - ❖ соработка со другите (преземање улога на другите, одговорност, учество во групна работа, разбирање за другите, примање и почитување на другите, почитување на традициите и културата, грижа за другите и сл.).

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се стекнува со основни знаења за својата татковина (како се вика, како изгледа, кои се нејзините симболи и слично);
- да се поттикнува да развива способности за ориентација на географската карта за крајот во кој живее и пошироката околина;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
- да ја увиди пошироката просторна ориентација на својата околина и општините во Република Македонија и нејзиното окружување (информативно);
- да се поттикнува да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
- да развива свест за припадност кон семејството и поширокото општество на Република Македонија;
- да се оспособува за учество во истражување на минатото со помош на користење на различни извори (Интернет, музејски предмети, стари слики, книжевни творби и сл.);
- да се запознава со културата како специфична карактеристика на секојдневниот живот на човекот;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката околина (општината);
- да се запознава со примери од македонската културна традиција, како и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се поттикнува да истражува во непосредната околина и да користи различни облици за информирање и учење;
- да ги развива способностите за сознавање на непосредната општествена средина (семејство, поширока околина/општина);
- да ги познава основните човекови права и правата и одговорностите на ученикот;
- да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во споредба со конфликтите, како и за решавање на конфликтите.
- да се запознаат со поставеноста на Република Македонија во светот.

## Тема I: НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се запознае со карактеристиките на Република Македонија како држава;<br>▸ да се поттикнува да ги воочи разликите помеѓу својата земја и другите земји;<br>▸ да ги знае симболите на Република Македонија (знаме, грб, химна);<br>▸ да се оспособи да ја одреди местоположбата на нашата татковина на географска карта или глобус;<br>▸ да се оспособи да ги распознава природните карактеристики на картата или глобусот;<br>▸ да се запознае со некои поважни настани од македонското минато; | Нашата татковина Република Македонија<br><br>Државни симболи на РМ<br><br>Скопје главен град на РМ<br><br>Местополож-бата и природните особености на РМ<br><br>Населнието на РМ<br><br>Туризмот во РМ<br><br>Културниот живот и институциите во РМ | Држава<br><br>Татковина<br><br>Република<br><br>Знаме, грб, химна<br><br>Главен град<br><br>Географски регион, карта, глобус<br><br>Претседател<br><br>Влада<br><br>Суд<br><br>Етнички заедници<br><br>Туризам<br><br>Култура | ▪ Демонстративен метод: презентирање на видеозапис, слики и илустрации за Република Македонија.<br>▪ Истражувачки активности на географска карта.<br>▪ Корелација со ликовно и музичко при изработка на симболи, знамиња, пеење на химната и сл.<br>▪ Пронаоѓање на Скопје на географската карта.<br>▪ Правење албум за Скопје.<br>▪ Изработка на грозд за природните карактеристики на нашата земја.<br>▪ Разговор за професиите кои ги знае, кои од нив се во културните дејности.<br>▪ Разговор за туризмот преку слики од летните и зимските одмори.<br>▪ Организирање групни посети на културни објекти или туристички агенции. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се запознае со значењето на поважните културни институции (театар, кино, болница и сл.) и да знае како да се однесува при посета на овие институции;<br>▸ да се запознае со религиите во Република Македонија;<br>▸ да се запознае со правата и должностите на секој граѓанин;<br>▸ да знае да ги определува страните на светот во населените места (картографско описменување);<br>▸ да усвои знаења за ориентација и читање на географска карта на Република Македонија. | Религиски групи во РМ<br><br>Правата и должностите на граѓаните во РМ | Права<br><br>Должности | ▪ Изработка на стебло за правата и должностите на секој граѓанин.<br>▪ Опишување на правата и должностите на родителите и децата (вежба за усно изразување).<br>▪ Објаснување на поимот право и должност низ игра и драматизација.<br>▪ Разговори за правата и одговорностите на ученикот во училиштето - изработуваат кодекс на однесување (потсетник за одговорностите и правата во училиштето).<br>▪ Вежба: заедно со родителите изработуваат правила на однесување во домот и во семејството.<br>▪ Разговор: Моето однесување во рамките на домаќинството (приватноста) и надвор од домаќинството. |

| Тема II: ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ја осознае функцијата на живеалиштата на луѓето и потребата од грижата за нив;<br>▸ да го разбира значењето на животот во група;<br>▸ да се поттикнува и воспитува за добрососедски односи;<br>▸ да ги почитува правилата на соживот и почитување на соседите и пријателите;<br>▸ да умее да ги препознава знаците на девијантно однесување;<br>▸ да ја осознае намената на јавниот простор и соодветно да се однесува на јавно место;<br>▸ да го познава релјефот на населбата и околината;<br>▸ да се запознае за начинот на читање на географската карта на Република Македонија. | Личниот и групниот живот<br>Социјализација на личноста во групата<br>Фактори на социјализација (семејство, другари, училиште)<br>Девијантво однесување на личноста<br>Конфликт и негово решавање<br>Правата на секое дете | Личност<br>Група<br>Социјализација<br>Солидарност<br>Девијација<br>Криминал<br>Правила<br>Должности<br>Конфликт<br>Сила и насилство<br>Толеранција<br>Човекови права<br>Слобода<br>Рамноправност<br>Детски права | ▪ Играње на улоги, сподели должности заради меѓусебна соработка и разбирање.<br>▪ Разговор во одделението за различните постапки-добри и лоши.<br>▪ Разговор-Семејството важен фактор за социјализација.<br>▪ Гледањето на јавните медиуми влијаат врз социјализацијата-разговор.<br>▪ Разговор за правилата на однесување на различни места.<br>▪ Одвојување на доброто и лошото однесување.<br>▪ Игра по улоги-добро и лошо однесување.<br>▪ Игра по улоги-Како да го решиме конфликтот?<br>▪ Драматизација и симулација на одредена ситуација „водена'' од наставникот - со личен пример демонстрира каде се фрлаат отпадоци во околината.<br>▪ Активности за решавање на одделени актуелни проблеми во населбата. |

| Тема III: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се воспитува за препознавање на културното наследство на нашата земја;<br>▸ да се воспитува за чување на културното наследство на нашата земја. | Културно наследство во Република Македонија | Културно наследство<br><br>Мултикултура | ▪ Посети на културни објекти и сл.<br>▪ Посети на верски објекти<br>▪ Посети на археолошки наоѓалишта и сл. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Обезбедување соодветен „педагошки амбиент” кој е добро структуиран согласно неговите/нејзините потреби е еден од предусловите за напредување на ученикот/ученичката со аутизам. Покрај тоа, треба да се изготват соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои нудат можности за нивно модифицирање во зависност од низа фактори кои можат да се појават во текот на реализацијата на воспитно-образовниот процес, особено ако се има во вид хетерогеноста на причините и манифестациите на учениците со аутизам (не постои пристап или систем кој би бил универзално и подеднакво ефикасен за сите). Индивидуалниот образовен план (изготвен во соработка со родителите) треба да ги „третира“ областите кои (врз основа на комплексната проценка) ќе овозможат ученикот/ученичката успешно да ги постигне поставените цели. Наставникот не треба да инсистира ученикот/ученичката да реализира активности во одредено време во кое не е подготвен да ги реализира и/или, пак, области кои се потешко совладливи за него затоа што тоа може да доведе до фрустрации и да предизвикува несакани и непримерени однесувања и манифестации. Акцентот при планирањето треба да биде на одредени услови без кои нема да биде можно да се реализира воспитно-образовниот процес (адекватен образовен модел и пристап за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција, како и во развивањето на естетските чувства).

Наставникот треба да обезбеди успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.

Важни предуслови за успешн работа со овие ученици е тие да стекнат чувство на сигурност, доверба во наставникот. Тие треба да имаат востановена шема на дневните активности, како и временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности.

Наставникот треба да пружа соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

Одредени активности, истражувања кои бараат континуитет добро е да траат подолго време (пред и по темата која се обработува, а наставникот треба навремено да ги планира.

Наставниот предмет основи на општествените науки во петто оделение е задолжителен, а се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

Препораки за наставни средства:

- извори на учење од непосредната околина-примери на појави, настани, предмети и сл. во семејството, населбата, блиската околина и општината и општеството во целина како и за односите меѓу луѓето;
- енциклопедии за деца, речници, атласи, карти и сл.;
- Интернет, образовни софтвери, списанија за деца и сл.;
- аудиовизуелни средства (графоскоп, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

Важно е наставниот процес да биде заснован на:

- секојдневните реални состојби кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
- холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
- насочување кон поврзување на сознанијата за поимите со конкретните односи и појави во семејството, локалната заедница и општината;
- насочување кон планирање и преземање на активности во непосредната околина;
- поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информации за појавите и другите сознанија на учениците.
- користење на актуелните настани и ситуации и поимите да ги усвојуваат непосредно.

За постигање на целите треба да се користат соодветни наставни форми. Треба да се користат разновидни методи и активности: проектна настава, проблематска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат, исто така, и екскурзии, кога е тоа можно. Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. Во програмата се наведуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активностите и сл. Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор-дијалог наставник-ученик; работни листови; тестови на знаења.

Постигањата на учениците се оценуваат комбинирано со описни и бројчани оценки во текот на наставата, а на крајот на наставната година со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и за наставни средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по основи на општествените науки во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по основи на општествените науки за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 10.05.2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2482/2
15.05. 20 12 год.
СКОПЈЕ

Министер,

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2